# Абер дојде од Дарко Билбиловски



Младиот фолк-пејач Дарко Билбиловски го сними своето прво цеде "Абер дојде", кое содржи 15 познати стари песни, но и фестивалски со кои тој има настапено.

Тој е задоволен од она што го сработил, благодарение на многу пријатели и гости на албумот, како што се познатите музичари Горан Алачки, Никола Коцев и Гоце Димовски и дуетпесната со Анета Мицевска. Албумот е во издание на "Мистер компани".

*(В.М.)*

## Иле со нови песна и спот

Поп-пејачот Иле Спасев деновиве сними спот за најновата песна "За тебе живеам". Дарио Јанковиќ го снимаше спотот, кој денес ќе биде пуштен по телевизиите. Покрај ова, Иле се подготвува и за учество на "Скопје 2011" со песната "Кошмар мој", за која музиката и аранжманот се негови, а текстот е на Огнен Неделковски. *(В.М.)*

ЦРНОГОРСКИОТ РОМАНТИЧАР ЌЕ ПРОМОВИРА НОВ АЛБУМ

# Сергеј Ќетковиќ денес во Скопје

Црногорскиот кантавтор Сергеј Ќетковиќ денес гостува во Скопје за да го промовира новиот албум "Две минути" (Два минута) пред македонската јавност. Промоцијата ќе се одржи во хотелот "Квинс" во ТЦ "Зебра", во 12.30 часот.

Сергеј е во Скопје и за да го најави својот втор концерт кај нас, кој ќе се одржи на 8 Март, во Универзалната сала. На скопскиот концерт, црногорскиот шармер ќе го прослави 35-тиот роденден и ќе ги испее своите најголеми хитови од петте студиски албуми. Меѓу нив, актуелниот "Две минути" (Два минута), "Прстен на маса" (Прстен на сто), "Погледи во темнината" (Погледи у тами)...

Приватно, Сергеј веќе 12 години е во брак со Кристина од Подгорица. По 12 години обидувања да добијат дете, тие минатото лето посвоија тримесечно девојче од Домот за деца без родители во Бијела, Црна Гора и ѝ го дадоа името Лола.



*Сергеј на ланскиот концерт во Скопје*

Потоа се преселија од Подгорица во Белград.

Лани во април Ќетковиќ го одржа првиот концерт во Скопје, а гостинка му беше Александра Радовиќ.

*(М.Ц.)*

НА "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"

# Награда за јубилејот на Јанко Узунов

Јанко Узунов ќе добие награда за трајни вредности на "Златна бубамара на популарноста", која ќе се одржи утре 20 часот, во Универзалната сала. Манифестацијата, која секоја година ги наградува најпопуларните, ќе му додели на Узунов награда за јубилејот, 45 години на музичката сцена.

"Златна бубамара" годинава ќе се одржи по 14-ти пат и е единствената манифестација која никогаш не ги рекламира гостите. На ланското шоу дојдоа четири големи екс-југословенски ѕвезди: Оливер Мандиќ, Бајага, Звонко Богдан и Масимо Савиќ. Годинава, организаторот повторно не ги открива гостите, тие се изненадување за публиката. Сашко Коцев ќе биде водител и ќе нé забавува на тема "Водете љубов, а не политика". Од тимот на "Бубамара" велат дека секој оној што досега си купил билет има злато во рацете и дека на шоуто секоја година се аплаудира на пет минути, а се смее на четири. Организаторите им препорачуваат на сите гости да дојдат со такси, поради метежот за паркинг пред Универзалната сала.

*(М.Ц.)*



*Узунов добива награда за 45 години на музичката сцена*